РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности

# за месец мај 2018

јуни, 2018

# Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ..... 1

Испит за административно управување ..... 2

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ..... 3

Соработка со други институции и меѓународна соработка ..... 3

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ..... 5

Јавни набавки ..... 5

Реализација на буџет ..... 6

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец мај 2018 година, примени се 49 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, објавени се 27 огласи, а запрено е 1 барање за објавување на јавен оглас, за вкупно 75 работни места за 82 извршители. За институциите од централната власт објавени се 9 јавни огласи за 39 работни места со 46 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 18 јавни огласи за 36 работни места со 36 извршители. На објавените огласи пријавени се 308 кандидати, од кои 181 на огласи за институциите од централна власт, а 127 кандидати се пријавени за институциите од локалната власт.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | Вкупно | Институции од централната власт | | | | | Институции од локалната власт | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 49 | 1 | 27 | | 9 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 18 | Раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 75 | | 29 | 9 | 1 | 39 | | 6 | 20 | 10 | 36 |
| Извршители | | | 82 | | 29 | 16 | 1 | 46 | | 6 | 20 | 10 | 36 |
| Број на пријавени кандидати | | | 308 | | 139 | 31 | 11 | 181 | | 9 | 102 | 16 | 127 |
| Завршиле со објавување на Одлука за избор | | | 12 | 7 | 5 | 9 | 2 | 16 | 5 | 2 | 8 | 0 | 10 |

*Табела 1. Јавни огласи мај 2018*

Во истиот период спроведени се 22 административни селекции за пријавени 332 кандидати, спроведени се 14 испити на кои што се поканети 52 кандидати, од кои полагале 35 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени за 13 огласи на 37 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 13 огласи и предлог за избор на 37 кандидати, а објавени се 26 одлуки за избор на кандидати за вработување од 12 огласи.

| Административни селекции | | Спроведени Испити | | | Спроведени проверки на веродостојност на докази | | Интервјуа | | Конечни ранг листи | | Примени и објавени Одлуки за избор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| огласи | кандидати | огласи | кандидати | | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати |
| | | | поканети | полагале | | | | | | | | |
| 22 | 332 | 14 | 52 | 35 | 13 | 37 | 13 | 37 | 13 | 37 | 12 | 26 |

*Табела 2. Спроведени активности по огласи во мај 2018*

Во Агенцијата за администрација во месец мај 2018 година, примени се 15 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, објавени се 24 огласи, за вкупно 118 работни места за 119 извршители. За институциите од централната власт објавени се 17 интерни огласи за 97 работни места со 98 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 7 интерни огласи за 21 работни места со 21 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | **Вкупно** | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15 | / | 24 | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| | | | | 17 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 7 | Раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 118 | | 29 | 54 | 14 | 97 | | 4 | 17 | / | 21 |
| Извршители | | | 119 | | 29 | 55 | 14 | 98 | | 4 | 17 | / | 21 |

*Табела 3. Интерни огласи мај 2018*

# Испит за административно управување

Во текот на месец мај 2018 година, спроведени се 8 испити за административно управување и испратени се 16 Известувања до Министерството за информатичко општество и администрација за резултатите од полагањето на испитот. На спроведените сесии за административно управување, пријавени беа 229 кандидати. Од нив на испитот се појавија 170 кандидати, од кои што испитот го положија 122 кандидати или 72%. Од пријавените кандидати, 156 се вработени во јавен сектор, 10 во приватен сектор, додека 4 од пријавените кандидати се невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | положиле | неположиле | јавен сектор | приватен сектор | невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 229 | 170 | 122 | 48 | 156 | 10 | 4 |

*Табела 4. Административно управување мај 2018*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец мај 2018 година, беа поднесени 49 жалби. Во тековниот месец Комисијата одржа 7 седници, обработи 76 жалби, од кои 59 жалби се од државни службеници и 17 жалби од јавни службеници. Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од државните службеници уважени 24, одбиени 23, мериторно уважени 4, мериторно одбиени 3 жалби и 5 жалби се отфрлени како недозволени. Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од јавните службеници, уважена е 1 жалба, одбиени 11, не надлежност 3 жалби и 2 жалби се отфрлени како недозволени.

| Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | уважени | | одбиени | | отфрлени како недозволени | | отстапени на друг орган | | повлечени од подносител | | не надлежност | | мериторно уважени | | мериторно одбиени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 59 | 17 | 24 | 1 | 23 | 11 | 5 | 2 | / | / | / | / | / | 3 | 4 | / | 3 | / |

*Табела 5. Обработени жалби во мај 2018*

# Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец мај 2018 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 24 предмети, од кои 3 се однесуваат на надлежностите на Агенцијата за администрација, а останатите 21 предмети се однесуваат од државните институции, општините и граѓаните и тоа: Управен суд (2), Единици на локална самоуправа (3), Народен правобранител на Република Македонија (1), Виш управен суд (1), Регулаторна комисија за енергетика (1), Државно правобранителство (2), Министерство за финансии (1), Основен суд Охрид (1), Влада на Република Македонија-Генерален Секретаријат (1), Инспекциски совет (1), адвокати (1) и граѓани (6).

Во истиот период вработени во Агенцијата за администрација земаа учество како дел од работна група на ИПА проектот EuropeAid/137521/IH/SER/1V1R „Поддршка на реформата на јавната администрација и зајакнување на капацитетите на МИОА“; земаа учество на „78-ма Средба на правниците“ во Охрид и присуствуваа на состаноци при експертска посета во Република Македонија за преглед на имплементација на Конвенцијата за Обединети нации против корупцијата, втор циклус.

Во просториите на Агенцијата за администрација во месец мај 2018 година одржани се обуки на тема „Правна регулатива, Техники на канцелариско и архивско работење, Електронско канцелариско и архивско работење, Инспекциски надзор” и обука на тема „Ризици и закани во сајбер просторот” на кои што обучувачи беа стручни лица од соодветната област.

Директорот на Агенцијата за администрација во периодот од 10 до 12 мај 2018 година, зема учество на „78-ма Средба на правниците“ како панелист, организирана од страна на Здружението на правници на РМ, одржана во Охрид.

На ден 23.05.2018 година, директорот на Агенцијата присуствуваше на 46-тата Седница на Собранието на Република Македонија на која што на Дневен ред беше Извештајот за работа на Агенцијата за администрација за 2017 година, кога истиот беше усвоен.

На 30.05.2018 година, директорот присуствуваше на Свеченото одбележување на 20 години од востановувањето на институцијата Народен правобранител во Република Македонија.

Во месец мај 2018 година, генералниот секретар на Агенцијата учествуваше на работилница за создавање на Високо раководна служба (ВРС) предлог на модел базиран на заслуги за Македонија организиран од страна на Центарот за управување со промени (ЦУП) и зема учество на состанок за отпочнување на активности за Проценка на влијанието на регулативата за анализа на Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор, организиран од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

# Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата, пристигнати се 32 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои што на 29 е одговорено, а на 3 не е одговорено.

# Јавни набавки

Во текот на месец мај 2018 година, утврдена е потреба од започнување на 2 постапки за јавни набавки за кои што се донесени одлуки за јавни набавки, објавени се 3 огласи за јавни набавки на ЕСЈН, донесени се 4 одлуки за избор на најповолен понудувач и склучени се 4 договори за јавни набавки со вкупна вредност од 459.903,00 денари без ДДВ, односно 542.685,54 денари со ДДВ.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| 2 | 3 | 4 | 4 |

*Табела 6. Јавни набавки мај 2018*

# Реализација на буџет

Во месец мај 2018 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2018 година | Реализација на буџетот до 31.05.2018 | Реализација на буџетот од 01.05.2018 - 31.05.2018 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2018 |
|---|---|---|---|---|
| **401–основни плати** | 21.462.000,00 | 8.633.575,00 | 1.730.158,00 | 12.828.425,00 |
| **402-придонеси за социјално осигурување** | 7.938.000,00 | 3.192.342,00 | 640.087,00 | 4.745.658,00 |
| **420-патни и дневни расходи** | 60.000,00 | 33.717,00 | 10.500,00 | 26.283,00 |
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 2.393.195,00 | 972.437,00 | 163.552,00 | 1.420.758,00 |
| **423-материјали и ситен инвентар** | 300.000,00 | 137.238,00 | 62.250,00 | 162.762,00 |
| **424-поправки и тековно одржување** | 2.500.000,00 | 870.311,00 | 159.104,00 | 1.629.689,00 |
| **425-договорни услуги** | 1.700.000,00 | 582.223,00 | 124.462,00 | 1.117.777,00 |
| **426-други тековни расходи** | 300.000,00 | 153.496,00 | 14.510,00 | 146.504,00 |
| **464-разни трансфери** | 15.000,00 | 15.000,00 | 0 | 0 |
| **465-исплата по извршни исправи** | 141.168,00 | 141.168,00 | 0 | 0 |
| **480-купување на опрема и машини** | 450.637,00 | 9.300,00 | 0 | 441.337,00 |
| **485-вложување и нефинансиски средства** | 3.000.000,00 | 2.845.906,00 | 0 | 154.094,00 |
| ВКУПНО | **40.260.000,00** | **17.586.713,00** | **2.904.623,00** | **22.673.287,00** |

*Табела 7. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*